**Известување за концентрација со која ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ, Виена, Австрија, ќе стекне контрола над Сантандер Банк Полска С.А, Варшава, Полска**

**(предмет бр. 08-95/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ со регистрирано седиште на улица Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија, има намера да стекне директна единствена контрола врз друштвото Сантандер Банк Полска С.А., со регистрирано седиште на адресата 17 Алеја Јана Павла II, Варшава, Полска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕРСТЕ ГРОУП БАНК АГ,** е матично друштво на австриска групација за финансиски услуги која нуди банкарски и финансиски услуги во Централна и Источна Европа.
Во Северна Македонија, Ерсте Холдинг има директни и индиректни мнозински и малцински удели во неколку правни лица, вклучувајќи ја и Шпаркасе Банка АД Скопје - комерцијална и малопродажна банка, како мнозински акционер.

Во Република Северна Македонија, Ерсте Холдинг има три регистрирани зависни друштва:

- ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје - Центар, со матичен број 4558669; Регистрирана дејност: 64.190 – Друго монетарно посредување;
- Друштво за лизинг ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје – Центар, со матичен број 6472958; Регистрирана дејност: 64.910 – Финансиски лизинг;
- С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје – Центар, со матичен број 7002947; Регистрирана дејност: 68.110 – Купување и продажба на сопствен недвижен имот.

**Сантандер Банк Полска С.А,** моментално е целосно контролирано од шпанското друштво Банко Сантандер, С.А.
Сантандер Банк Полска С.А., е полска универзална банка која нуди производи во областите на финансирање, штедење и инвестирање, како и спектар на дополнителни услуги.
Сантандер Банк Полска С.А., работи исклучиво во Полска и нуди услуги на физички лица, како и на мали и средни претпријатија и корпоративни клиенти.
Сантандер Банк Полска С.А., е исто така индиректно активна преку подружници или заеднички вложувања во активности за факторинг, лизинг, осигурување и управување со средства.

Сантандер Банк Полска С.А., и Сантандер Банк Полска С.А., Групацијата немаат

комерцијално присуство во Северна Македонија, немаат регистрирани зависни друштва или филијали и не вршат продажба во Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, релевантните пазари на производи би можеле да се дефинираат како: пазар за обезбедување банкарски услуги за физички лица, пазар за обезбедување услуги за корпоративно банкарство, пазар за обезбедување услуги за лизинг, пазар за обезбедување услуги за факторинг, и пазар за обезбедување услуги на финансискиот пазар.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.06.2025 година

Скопје